**НАСТАН НА УГД**

# ИЗВЕШТАЈ ЗА ПРВ ФОРУМ НА УГД – „ФОРУМ ЗА МЛАДИНСКО УЧЕСТВО ВО ОБРАЗОВАНИЕТО“

Подготвено од

**Проф. д-р Тамара Јованов Апасиева**

**Тим лидер на работна група за настанот**

26 февруари, 2023

# Содржина

Резиме......2
Цели......2
Работна група......3
Програма......3
Краток заклучок......4
Прилози......4
Постери за социјални медиуми......4
Покана за комуникација по мејл......5

# Резиме

Извештајот е изработен за настанот прв „Форум за младинско учество во образованието“ на УГД. Истиот претставува кратка анализа за организацијата и изведувањето на настанот, како и за успешноста на истиот. Во извештајот се вклучени:
цели на настанот, работна група, програма и буџет за настанот, изработени документи и изведени активности, пресретнати слаби точки, резултат и видливост на настанот.

# Цели

Цели за изведување на настанот беа:

- Остварување на иницијална средба за отпочнување на поинтензивна соработка меѓу средните училишта, УГД и останатите чинители на локалната заедница;
- Официјализирање и зајакнување на соработката на институционално ниво преку потпишување на меморандуми за соработка меѓу училиштата и УГД;
- Креирање на алатка за полнење на база на информации за талентирани ученици и соработка со нив (во рамки на УГД со професорите од УГД за подготовка за натпревари и сл.) преку воспоставување на систем за идентификување на млади таленти во соработка со средните училишта;
- Избирање/креирање канал за брза и ефикасна комуникација помеѓу засегнатите страни (е-пошта, апликации за комуникација и сл.);
- Иницирање дискусија за потребите на улиштата и средношколците за кои УГД би можел да понуди поддршка и соработка и др.

## Работна група

Работната група е формирана со решение од ректорот на УГД, проф. д-р Дејан Мираковски, а ја сочинуваа лицата прикажани во табела 1.

**Табела 1. Членови на работна група за „Форум за младинско учество во образованието“ на УГД**

| Реден бр. | Име и презиме |
|---|---|
| 1. | Проф. д-р Тамара Јованов Апасиева, Економски факултет - Штип |
| 2. | Проф. д-р Елена Веселинова |
| 3. | Проф. д-р Зоран Здравев |
| 4. | Проф. д-р Елена Максимова |
| 5. | Сања Стефанова |
| 6. | Доц. д-р Милена Ристова-Михајловска, Филолошки факултет |
| 7. | Доц. д-р Ана Витанова-Рингачева |
| 8. | Дијана Насева |
| 9. | Асс. м-р Моника Арсова, Економски факултет - Штип |
| 10. | Асс. м-р Мила Митрева, Економски факултет - Штип |

## Програма

Програмата предложена од работната група е прикажана во Табела 2.
**Табела 2. Агенда за Форумот на УГД (според предлог - програмата)**

| **Агенда**<br>**Прв „Форум за младинско учество во образованието“**<br>24ти февруари, 2023 год. |
|---|
| 9:30 - 10:00, **Пристигнување и регистрација** |
| 10:00 - 10:30, **ОФИЦИЈАЛЕН ДЕЛ** |
| Модератор |
| Обраќање на ректор на УГД-Штип |
| Обраќање на градоначалник на Штип |
| Обраќање на претставник од Стопанска комора |
| Обраќање на претставници од бизнис-секторот |

| |
|---|
| 10:30 - 11:30, **ПРВА СЕСИЈА** |
| Обраќање на претставници од директорите на средните училишта |
| Обраќање на средношколци од средните училишта |
| Обраќање на проректор за настава при УГД-Штип |
| Дискусија |
| 11:30 - 11:45, **Кафе-пауза** |
| 11:45 - 12:40, **ВТОРА СЕСИЈА** |
| Обраќање на претставник од Факултетот за информатика при УГД - Штип |
| Претставување на успешни приказни од студенти |
| Потпишување меморандуми со средните училишта |
| Неформален дел - активности за средношколци |
| 12:40, **Коктел** |

## Краток заклучок

Од прегледаните видео материјали од настанот, снимените изјави на студентите, бројот во кој гостите се појавија на настанот – целосно пополнет капацитет на просторијата согласно планот, коментарите по социјалните медиуми, коментарите на надворешните гости и вработените, може да се заклучи дека нашите целни групи (младите, студентите, родителите, бизнис заедницата и пошироката јавност) имаат потреба од организирани настани кои ќе бидат посветени на нив и истите можат позитивно да влијаат на нивната перцепција за имиџот на институцијата.

## Прилози

**Постери за социјални медиуми**




**Покана за комуникација по мејл**

